**20242704671**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Врз основа на член 193 став (4) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 и 58/24), министерот за образование и наука донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА СТРАНСКИТЕ ВИСОКООБРАЗОВНИ КВАЛИФИКЦИИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на регистарот за признавање на странските високообразовни квалификации.

Член 2

Регистарот за признавање на странските високообразовни квалификации ги содржи следните податоци: број и датум на барањето поднесено до Министерството за образование и наука; име и презиме на барателот; научна област на стручната комисија или високообразовната квалификација стекната на еден од првите 500 универзитети рангирани на последната објавена листа од следниве институции: Институт за високо образование при Шангајскиот Цио Тонг универзитет; Вести и извештаи на САД (US News and Report) и Додаток за високо образование на Тајмс-Рангирање на светски универзитети (Times Higher Education Supplement-World University Ranking); назив на високообразовната установа која ја издала високообразовната квалификација; број и датум на решението на Министерството за образование и наука за признавање на странската високообразовна квалификација; стекнат стручен/академски/научен назив/дел од студии и забелешка.

Регистарот за признавање на странските високообразовни квалификации се води во електронска форма.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 24-14058/1
20 декември 2024 година
Скопје

Министерка за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.